**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2019 ГОДИНА

јануари 2020 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, но поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-намалувањето во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити слично како во претходната анкета и нето-зголемување на побарувачката, малку поумерено во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: поумерено нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, наспроти нето-намалувањето на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: поумерено нето-олеснување на кредитните услови и малку поизразено нето-зголемување на побарувачката на кредитите за домаќинствата, во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично како во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, при очекувања за нејзина непроменетост дадени во претходната анкета.

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, поумерено во споредба со претходната анкета и нето-намалување на побарувачката за кредити на претпријатија, за разлика од очекувањата за нето-зголемување, дадени во претходната анкета.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: поумерено нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: поизразено нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: изразено нето-олеснување на кредитните услови наспроти очекувањата за нивна непроменетост дадени во претходната анкета и нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, малку поизразено во споредба со очекувањата во претходната анкета.

***Мали банки***

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, наспроти непроменетост на побарувачката согласно со очекувањата во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: непроменетост на кредитните услови слично како во претходната анкета и непроменетост на побарувачката на кредитите на корпоративниот сектор, за разлика од очекувањата за нето-зголемување, дадени во претходната анкета.

## Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: поумерено нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: поумерено нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2020 година: поизразено нето-олеснување на кредитните услови и поумерено нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.